## Апстракт

Развивањето на комуникациските компетенции на наставниците претставува суштинска компонента (подрачје, сегмент) на образованието и усовршувањето на наставниците во основното образование. Токму затоа нивното развивање е неопходно да се програмира и остварува во контекст на избор и селекција на идните наставници, подготовка(школување, едуцирање) на идните наставниците, како и на оние кои се составен дел на процесот на воспитание и образование, како и нивно перманентно усовршување (педагошко и стручно, институционално и самостојно) и наставничко-педагошки улоги кои се остваруваат (образовна, воспитна, програмерска, координаторска, организаторска, дијагностичка, советодавна, истражувачка, евалуаторска и др.)

Комуникациските компетенции на наставникот може да се разберат како сложена, повеќедимензионална компетенција, односно способност која е составен дел на останатите наставнички компетенции, но постои целосно оправдување оваа компетенција да се разгледува и во контекст на нејзината улога во интегралното развивање на личноста на ученикот, но најмногу во развивањето на неговите комуникациски компетенции. Токми поради ова наставниковата комуникациска компетенција го имплицира разбирањето и природата на комуникациските компетенции на учениците, како и нивното развивање во текот на целокупниот воспитно-образовен процес, особено во текот на основното образование што е тема за разработка на овој труд.

Истиот е поделен на три тематски целини.

Првата, *теоретските основи на истражувачкиот проблем* нуди сеопфатно дефинирање на клучните поими и процеси, при што во овој дел се дадени различни гледишта и стојалишта при именување на клучните поими и концепти на историјата на комуникацијата, појмовното дефинирање, интеракција, интеракција и комуникација, комуникацијата во воспитно-

образовниот процес во основното училиште, наставхните постапки во контекст на вистинска комуникација како и поглавјето за наставничките компетенции како носечно во овој труд.

Втората целина ги дава основите и принципите на кои е поставена повеќе аголеста *методологија на истражуввачката тема*, при што се дефинираат рамките на предметот на истражувањето и основната терминологија, поставените задачи и општите и поединечните хипотези, зададените независни и зависни варијабли, примерокот на истражувањето, избраните методи, техники и инструменти на истражувањето како и параметрите на обработка и анализа на добиените резултати од истражувањето.

Третата целина, *анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување* ги дава сите аспекти и резултати од истражувањето, проследени со опсежни анализи и објективни коментари во врска со истражуваниот примерок, анкетниот лист за наставните и родители како и тестот за испитување на нивото на комуникациски компетенции кај наставниците од основните училишта на територијата на Р. Македонија.